**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1404-108/9**
**Скопје, 09.06.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СТРУГА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Струга за 2004 година, кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Струга за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ромео Деребан, градоначалник на општина Струга за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 30. 01. до 09. 02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор,
- Петре Гаврилов - Виш ревизор, и
- Бљерта Селмани - Помлад ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
______________________

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена  во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.1.1. Преку сметката на Буџетот на општина Струга, во текот на 2004 година извршени се директни плаќања по разни основи во вкупен износ од 4.183 илјади денари што е спротивно на одредбите на Законот за буџетите. Тоа е поради неправилна примена на претходно споменатиот закон и како резултат на тоа се јавува директно извршување на Буџетот, а не извршување преку неговите корисници, како што е пропишано со Законот за буџетите. Овој начин на исплата е практикувана форма кај некои од единиците на локалната самоуправа и се должи на долгогодишна усталена пракса без да се имаат во предвид измените на законските одредби кое доведува до нереално прикажување на расходите.
**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите и да не се вршат директни исплати од буџетот на единицата на локална самоуправа но исплатите да се вршат преку сметката на органот.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Ставката Трансфери до непрофитни организации е преценета за износ од 619 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходите, поради исплата на парични средства на политички партии по нивно барање за покривање на активности на советничките групи на истите, а на основа решение од градоначалникот. Тоа е спротивно на надлежностите на општините утврдени со Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на законските прописи придонесува за зголемени трошоци и ненаменско трошење на јавните средства.
**Препорака:**
Трошењето на средствата на општината да е во согласност со одредбите и надлежностите утврдени со Законот за локална самоуправа.

10.2.2. Ставката Други трансфери е преценета за износ од 155 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходите, поради исплата на парични средства на синдикалната организација на општина Струга за 8-ми март и пречек на

новата 2005 година, што е спротивно на надлежностите на општините утврдени со Законот за локална самоуправа.

**Препорака:**

Трошењето на средствата на општината да е во согласност со одредбите и надлежностите утврдени со Законот за локална самоуправа.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Струга на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Струга е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, за 2004 година.

13. Во врска со превземените мерки по препораките во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Струга за 2000 година, ревизијата го утврди следното:

Преземени се мерки по наодите 1.1. и 1.2. во делот на наодите за исплата на повисоки плати на градоначалникот и вработените, преземени се мерки во делот на пренос на Вишокот на приходи од органот на сметката на буџетот по наодот 1.6. како и се изготвуваат ребаланси на буџетот односно преземени се мерки по наодот 1.8.

Не е постапено по наодот од точка 1.3. кој се однесува на исплата на повисоки надоместоци на советниците, наодот 1.4. за давање на позајмици помеѓу Буџетот и Фондот и наодот од точка 1.7. за делот на неспроведување на Решението за делбениот биланс од 2000 година.

**Скопје, 19.05. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 15,509 | 14,053 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 1,516 | 1,482 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 5,678 | 4,981 |
| **Вкупно приходи** | | **22,703** | **20,516** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 8,009 | 7,480 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 8,642 | 7,411 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 4,332 | 2,681 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20,983** | **17,572** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 141 | 166 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **141** | **166** |
| **Вкупно расходи** | | **21,124** | **17,738** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,579** | **2,778** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА СТРУГА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,579 | 2,778 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.2. | 403 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,982** | **2,778** |
| **Вкупна актива** | | **1,982** | **2,778** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1,982 | 2,778 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,982** | **2,778** |
| **Вкупна пасива** | | **1,982** | **2,778** |